**НУЦК „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ – ПРИЛЕП Театар „Војдан Чернодрински“**

**ДА, ИНСПЕКТОРЕ (Претстава со грешки)**

**По мотиви на текст од Хенри Џонатан Хенри**

**Премиера на 22.10.2021**

**Режија:** СИНИША ЕВТИМОВ

**Играат:**

ЧЛЕНОВИ НА ДРАМСКОТО ДРУШТВО ПРЕРОДБА

СТОЈАН раководител на драмското друштво, режисер на претставата и го игра инспекторот Хит – ИЛИЈА ВОЛЧЕСКИ

БОБИ го игра Томе Хаџи-Печијарески – ДИМИТАР ЦРЦОРОСКИ

ДУБРАВКА го игра Пеце – КАТЕРИНА ЧАКМАКОСКА КЛИНЧЕСКА

МАРКО ги игра Гоце Бомбола и градинарот Цветко – АЛЕКСАНДАР ТОДЕСКИ

САНДРА ја игра Маре Хаџи-Печијареска – МАРИЈА СПИРКОСКА ИЛИЈЕСКА

ЏОЛЕ го игра Никола Бомбола – МИХАЈЛО МИЛЕНКОСКИ

ЕНИ инспициентка на трупата, - НАТАША НАУМОСКА АЧАНСКИ

ТРАЈЧЕ светло и тон мајстор на трупата – ИГОР ТРПЧЕСКИ

Сценски работници – АНГЕЛА НАУМОСКА, ДИМИТАР ЃОРЃИЕВСКИ

**Сценографија и костими:** ИЛИНА АНГЕЛОВСКА

**Драматург:** ИВАНА НЕЛКОВСКА

**Превод:** ДАРКО ЈАН СПАСОВ

**Инспициент:** ЕЛЕНА ИВАНОСКА

**Тон мајстор и дизајн на звук:** ТОМЕ ТЕМЕЛКОСКИ

**Светло:** РИСТЕ ГРКОСКИ

**Сликар исполнител:** ПЕЦЕ РИСТЕСКИ

**Реквизитер:** ГОЦЕ НАУМОСКИ

**Гардеробер:** СНЕЖАНА ЃОРЃИОСКА

**Фризер-перикер:** ДАРИНКА БОГОЕСКА

**Заварувач:** ГОЦЕ ТОДОРОСКИ

**Декоратери:** САШО СМОКВОСКИ. РОБЕРТ СТОЈКОСКИ, ВЛАДИМИР ВЛАДИМИРОСКИ, ЈАНЕ ЈАНКУЛОСКИ и ЗЛАТКО АПОСТОЛОСКИ

{AG}dainspektr{/AG}

Секоја претстава цели да изгледа совршено, без грешки или било каков недостаток кој би ја извадил публиката од илузијата на тоа што се изведува на сцена. Но што ако нешто тргне погрешно, а потоа како лавина сè постепено почне да се распаѓа? Во секоја претстава, сите грешки актерите се обидуваат сè поуспешно да ги прикријат без публиката да забележи, ама во оваа претстава сè што можете и не можете да замислите се одвива погрешно. Аматерското друштво „Преродба“ е толку посветено во изведбата што не дозволува ништо да го спречи расплетот на криминалистичката драма „Македонско крваво буре“. Актерите преку своите ликови најдоследно што можат го следат текот на дејствието и сè што се одвива на сцена цели кон разрешувањето на мистериозното убиство. Убиецот мора да е некој од нив, а сите се толку сомнителни. The show must go on! Како што расте тензијата за нерешливата мистерија, така расте и борбата на актерите да ја изведат нивната претстава доследно и до крај.